**Известување за концентрација со која Позаваровалница Сава, д.д., Република Словенија ќе стекне поединечна целосна контрола над Претпријатие за проектирање и инженеринг на информациски системи Апплицатион Софтвваре Партнер д.о.о. Белград, Република Србија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна целосна контрола од страна на Позаваровалница Сава, д.д., со седиште на ул. Дунајска цеста бр.56, Љубљана, Република Словенија над друштвото за проектирање и инженеринг на информациски системи Апплицатион Софтвваре Партнер д.о.о. Белград. (Application Software Partner d.o.o. Beograd), со регистрирано седиште на Бул. Краља Александра 17, Белград, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Позаваровалница Сава, д.д.** е друштво со предмет на работа – реосигурување, чие присуство во Република Северна Македонија е остварено преку:

- Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво А.Д. Скопје, со седиште на Бул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е дејност на управување со фондови. Согласно статутот на друштвото, предметот на работење е уреден како основање и управување со отворени задолжителни и доброволни пензиски фондови и нивно преставување пред трети лица, како и други дејности поврзани со управување со пензиските фондови;
- Сава осигурување А.Д. Скопје, со седиште на Ул. Загребска бр. 28А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е неживотно осигурување со предмет на работење во областа на осигурување на возила, осигурување на имор, патничко здравствено осигурување, осигурување од незгода, доброволно здравствено осигурување, осигурување на велосипед и велосипедисти, здравствено осигурување на миленици и корпоративно осигурување;
- Друштво за техничко испитување на возила, неживотни осигурувања на моторни возила Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Загребска бр. 28Б-локал 20, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е техничко испитување и анализа

преку услугите за технички преглед на возила, неживотни осигурувања: моторни возила, имот, земјоделство, транспорт, патничко, здравствено осигурување, осигурување од одговорност, сервис на возила како и пријава, проценка и ликвидација на штети.

**Друштво за проектирање и инженеринг на информациски системи Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о.** е друштво за вршење на проектирање, дизајн, имплементација, воведување и одржување на информациони системи, а покрај оваа основна дејност друштвото се бави и со консалтинг во делот на изградба на сложени информациски системи, примена на информатички технологии и продажба на Microsoft производи, се на територијата на Република Србија.

Друштво за проектирање и инженеринг на информациски системи Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о. нема поврзани правни лица ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на компјутерско програмирање.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.03.2023 година, Скопје